Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 15/2022

Дата: 10-01-2022

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Охрид ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за туристички комплекс Горица Исток - Опфат 2, КО Охрид 4, Општина Охрид.**
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 15,7 ха. Површината за којашто се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 14,74 ха. За останатиот дел се веќе издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр. Y08216 и Y03217.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y33421** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за туристички комплекс Горица Исток - Опфат 2, КО Охрид 4, Општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.
5. Предметната локација се наоѓа во опфат на простор заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Службен весник на Република Македонија" бр. 75/10), Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/20), како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од оваа организација.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Охрид, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 39375, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за туристички комплекс Горица Исток - Опфат 2, КО Охрид 4, Општина Охрид.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за туристички комплекс Горица Исток - Опфат 2, КО Охрид 4, Општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 15/2022 од 3.01.2022 година.

**Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за туристички комплекс Горица Исток - Опфат 2, КО Охрид 4, Општина Охрид претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.**

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска